Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца Детска градинка
ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА
Бр. 04-434/3
06.11.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници ( „Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019, 14/20,215/21 и 99/22) и Член 37 став 1 алинеа 3 и 4 од Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола, Директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола , на ден 06.10.2023 година, ја донесува следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 1/2023**

1.По интерниот оглас број 1/2023 за унапредување на административен службеник во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола, објавен на веб страната на установата и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Помлад соработник Сметководител ДЕЗ 01 02 В04 002 1 (еден) извршител се избира кандидатот

- **Николче Ралевски**

2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе и решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас, формирана со Решение на Директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола бр.04-422/3 од ден 31.10.2023 година, а врз основа на Известувањето за номинација на членови број 10-1868/3 од Агенција за администрација на РСМ, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административниот службеник, а по објавениот Интерен оглас за унапредување на адм.службеник 1/2023 објавен на ден 20.10.2023 година на веб страната на установата и Агенцијата за администрација, на ден 03.11.2023 година спроведе постапка за селекција за унапредување на наведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција и интервјуто, Комисијата изготви Записник бр.04-434/2 од ден 03.11.2023 година заедно со финална ранг листа со Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат за унапредување на административниот службеник по Интерниот оглас број 1/2023 и ја достави до Директорот на установата.

Согласно со член 52 став 1 од „Законот за административни службеници“ *„Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор“.*
Согласно со член 52 став 6 од истиот закон *„Секретарот, односно . раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.*

CS CamScanner

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара"-Битола одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: *Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.*

ДНА:
-работникот
-архива
-досие

Директор,

Лидија Тфирст Митревска

CamScanner